# ГАРАНЦИЈА ЗА ZEBRA РАЧНИ АЛАТИ

Почитуван купувач,

Големо е нашето задоволство што сте се одлучиле за купување на професионалниот ZEBRA рачен алат.

Со ова купување Вие станувате сопственик на професионален рачен алат со одлични перформанси за кој **одобруваме трајна гаранција**, со што дополнително го потврдуваме високиот квалитет и употребната вредност на производот.

Со правилна употреба и редовно и правилно одржување долго ќе уживате во работата со ZEBRA рачниот алат, чиј квалитет секојдневно се потврдува кај илјадници професионални корисници во повеќе од 80 земји во светот.

За оштетувања и нефункционалност на алатот, кои се настанати како последица на грешки во материјалот од кој алатот е произведен или грешки настанати во процесот на производство, одобруваме замена на алатот со нов, независно колку време поминало од купувањето на алатот.

За жал, замена на алатот не можеме да одобриме во случаи кога оштетувањето или нефункционалноста на алатот настанале како последица од следните случувања:

-неправилна употреба

-ненаменска употреба

-преправка на алатот

-делување на виша сила

-агресивно влијание од надворешната средина

-губење на делови од алатот или комплетниот алат

Од ZEBRA трајната гаранција, се иземени рачните алати по документот Гарантни услови можете да го преземете од нашата интернет странаwww.wurth.com.mk

Барање за замена на ZEBRA рачен алат можете да побарате преку нашите преставници за продажба од кои сте го купиле алатот или директно во седиштето на нашата фирма.

При праќање на барањето за одобрување за замена на алатот Ве молиме со рекламираниот алат да приложите и сметка за извршеното купување, бидејќи во спротивно нема да бидеме во можност да го прифатиме вашето барање.

Во очекување на понатамошна успешна соработка, срдечно Ве поздравуваме.

Ваш Wurth Македонија